# Исплатени уште тројца корисници на средства од ИПАРД Програмата по осмиот Јавен повик (01/2013)

По успешната реализација на одобрените инвестиции, уште тројца корисници кои потпишаа Договор со Агенцијата за користење на средства од ИПАРД Програмата по осмиот Јавен повик (01/2013), добија средства од ЕУ фондовите за рурален развој.



Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој исплати 440.930 денари на корисникот Таше Мешуревски од Пелагонискиот регион за обновување на постоечки овошни насади. Од вкупно исплатените средства 330.697 денари се средства од буџетот на ЕУ и 110.233 денари се национален дел.

На корисникот Иса Асани од Пелагонискиот регион исплатени се средства во износ од 992.661 денари од кои 744.496 денари се средства од буџетот на ЕУ и 248.165 денари се средства од буџетот на РМ и истите се наменети за за обновување на постоечки овошни насади.

На корисникот Николче Крстиновски од Пелагонискиот регион исплатени се средства во износ од 255.697 денари од кои 191.772 денари се средства од буџетот на ЕУ и 63.925 денари се средства од буџетот на РМ и истите се наменети за обновување на постоечки овошни насади.